Нееднаков пристап - еднаков на престап

CRPM Center for Research and Policy Making
. . . policy impact since 2004

UN WOMEN

Нееднаков пристап - еднаков на престап

Автор:
Вилма Јованова, Елена Ташкова

Ментори:
Златко Симоновски, Марија Ристеска, Ристе Јурковски

Партнерска организација:
Синергија - Штип

Публикацијата „Нееднаков пристап - еднаков на престап„ е подготвена од Синергија со менторска поддршка од Центар за истражување и креирање политики во рамките на проектот на UN Women „Промовирање на родово-одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија“, со финансиска поддршка од Швајцарија и Шведска.

Мислењата и ставовите изразени во оваа публикација се мислења и ставови на авторите и нужно не ги претставуваат мислењата и ставовите на UN Women, Обединетите нации или на другите придружни организации.

Активноста ја спроведува Центарот за истражување и креирање политики Консалтинг – ЦИКП Консалтинг ДОО Скопје и партнерските организации.

CRPM Center for Research and Policy Making
. . . policy impact since 2004

UN WOMEN

ВОВЕД

Демографските податоци за општина Штип (попис 2021) покажуваат дека бројот на населението изнесува 44.866, од кои 22.251 или 49,59 % се жени, а 22.615 или 50,40 % се мажи. Во однос на старосната структура, бројот на стари лица 65≥ изнесува 8545. Бројот на телесно инвалидизирани лица (корисници на инвалидска количка), според податоците на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија, е 700. Бројот на деца (на возраст од 0 до 4 години) чии мајки најчесто користат колички и други детски реквизити изнесува 2010.

Родителите, старите и лицата со попреченост кои се движат низ централното градско подрачје во општина Штип, се соочуваат со потешкотии поради постоечките високи рабници на тротоарите.

Предмет на оваа анализа се инструментите на политиките, приходите и расходите во буџетот на Општина Штип за 2022 година, кои се планираат и спроведуваат за адаптација на инфраструктурата за потребите на горенаведените групи и нивното влијание врз мажите и жените.

Направенета родова буџетска анализа, дава преглед колку буџетот на општина Штип за 2022 година е родово сензитивизиран и соодветен на политиките кои се однесуваат на пристапноста на инфрастуктурата, конкретно рабниците на тротоарите. Поконкретно, анализата го опфаќа централното градско подрачје (улицата која води до градскиот парк и локалитетот Бриони каде се наоѓа зоолошката градина) каде има најголема фреквенција на движење. Истражувањето беше насочено кон јавните политики на општина Штип, дали се родово одговорни во контекст на еднаков пристап и мобилност за целните групи и дали истите се проследени со алокација на соодветни буџетски средства.

Се истакнува позитивниот пристап и поддршката оваа иницијатива од страна на градоначалникот и координаторот на Комисијата за еднакви можности и согласноста за нејзина реализација со реалокација на средства во буџетот на општина Штип за 2023. Потребно е понатамошно набљудување, дали општината ќе одговори позитивно на предизвикот што ќе придонесе да се искачи уште едно скалило погоре на скалилото на Родово одговорно буџетирање.

МЕТОДОЛОГИЈА

При спроведување на анализата и изготвувањето на извештајот беше користен методолошки пристап на родово одговорно буџетирање – родова анализа на буџетска ефективност, и притоа беа користени следните алатки:

- Родово буџетска анализа на корисници - Квалитативна и квантитативна анализа (прашалник, интервјуа, фокус групи, теренско снимање и мерење); Преглед на секундарни податоци.
- Родово буџетска анализа на трошоци и корист

ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ И РАМКА НА ПРЕДЛОГ ИНИЦИЈАТИВАТА

Родово одговорното буџетирање не е ограничено само на областа од социјалната политика, туку е составен дел од секој буџетски расход. Родов сегмент имаат и инфраструктурните проекти. Со анализата покажуваме колку општина Штип воведува родов концепт во процесите на креирање јавни политики и до кој степен ги отсликува приоритетите на жените и мажите во буџетите. Поаѓајќи од заложбите за владеење на правото, обезбедување одржлив економски развој, зголемување на доверба во локалните власти, целосно и непречено остварување на правата и слободите на граѓаните како и поттикнување на нивното учество во носењето одлуки на локално ниво, општина Штип, во 2021, усвои Политика на интегритет. Во овој документ е содржано поглавје кое се однесува на еднаквите можности на мажите и жените. Општина Штип се стреми кон унапредување на родовата рамноправност во Советот и во општинската администрација и ја препознава важноста од доследно спроведување на обврските и одговорностите од Законот за еднакви можности на жените и мажите. Политиките кои ги спроведува општина Штип се родово сензитивни и настојуваат да обезбедат подеднаква видливост, еманципирање, одговорност и учество на жените и мажите во сите сфери на општествениот живот.

ОПИС, ОПФАТ И ОПРАВДАНОСТ НА КОНКРЕТНАТА ПРЕДЛОГ ИНИЦИЈАТИВАТА

Високите рабници и стрмните пешачки премини во централното градско подрачје во општина Штип претставуваат архитектонска бариера за мајките со деца/бебиња во колички, како и за старите тешко подвижни лица и за корисниците на ортопедски помагала или инвалидски колички.
Во текот на месец мај 2021, во период од 7 дена, од 10:30 до 11:30 часот и од 18.00 до 19:00 часот, претставници од ЗХА „Синергија " – Штип, ја набљудуваа и снимаа состојбата со рабниците на наведената локација. При набљудувањето и сминањето на терен се одговори на следните прашања:

- Колкав е процентот на застапеност на жени и мажи?
- Дали неведената локација е повеќе посетувана од жени или мажи?
- Кои се ефектите и влијанието од оваа иницијатива, дали со денивелација на високите рабници ќе се оствари целта и подеднакво ќе ги поттикне жените и мажите да ја посетат локацијата?

Се покажа дека драстично е поголем процентот на жени/мајки 77% кои ја посетуваат локацијата каде беше мерено. Додека 50% се жени кај старите лица кои поминуваат на оваа локација.
Резултатите од спроведената анкета на 105 испитаници (62,9% од анкетираните се на возраст од 35 до 55 години; 85,7%од лицата кои ја потполниле анкетата се жени) покажуваат дека 37,1% ја користат наведената патека за прошетка со своите деца на возраст од 3 години.
57,1% од анкетираните не се задоволни од состојбата со рабниците на пешачката патека околу реката Отиња. 80% од анкетираните оцениле дека моменталната состојба е лоша.

Според испитаниците, потребно е: спуштање на рабниците на тротоарите и изведба на пристапни рампи за лицата со хендикеп, порамни површини за движење и пониски рабници, забрането паркирање возила на премините, на дел од тротоарите да се направат сливници, да се направи патека за велосипедисти и за пешаци, поширокитротоари итн.

ПРЕДЛОГ – РОДОВО БУЏЕТСКА ИНИЦИЈАТИВА

Врз основа на спроведените истражувања за потребите на целните групи, предлогот се однесува на симнување на рабниците во централното градско подрачје во Општина Штип, поконкретно, улиците кои водат до градскиот парк и детските градинки (пешачката зона околу реката Отиња од Ново Село до Бриони). Има 30 места каде е потребно да се нивелираат рабниците. Едно нивелирање чини до 10.000 денари, со што вкупната контрукција на буџетот за нив е 300.000 денари. Потребни се и дополнителни 50.000 денари за порамнување на оштетените тротоари.

Над 10.000 граѓани (над 8000 стари лица, 700 лица со физички хендикеп, над 800 мали деца и бебиња во колички и над 1200 дечиња со мали велосипеди заедно нивните родители), се директно лоцирани корисници на оваа иницијатива, чиешто чинење е 350.000 денари од буџетот.

Овие финансии можат да се најдат во 7062 ставка од буџетот на Општина Штип за Развој на заедницата (урбанистичко планирање и поддршка на локален економски развој) за кој во 2022 година се одвоени 15.800.000,00 денари. Овие 350.000 би биле само се 2.21%, минимална сума која ќе придонесе кон подобрување на квалитетот на живот на целните групи, а и на сите граѓани од Штип.

ДОБРИ ПРИМЕРИ - СТРАНСКИ ПРАКТИКИ

Истражувањето спроведено во Велика Британија во кое учествувале 1000 мајки и татковци, покажало дека бебињата годишно во количките до моментот кога ќе проодат се возат дури 1200 километри. Статистиката покажува дека бебињата се возат најмалку осум пати неделно, и дека во текот на секоја прошетка поминуваат помеѓу два и три километри. Анализата на одговорите на родителите кои учествувале во анкетата на сајтот Channel Mum, покажала дека мајките почесто ги водат бебињата на прошетка. Прошетката на бебињата со колички е повеќекратно корисно, прво за бебињата е важно да бидат на воздух, бебињата сакаат да се возат, тоа може да ги смири кога се нервозни или плачливи, најчесто бебињата можат брзо да се успијат во количките, а за родителите пред се за мајките е добар начин за физичка активност.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Високите рабови на тротоарите и стрмните пешачки премини во централното градско подрачје во Општина Штип, претставуваат архитектонска бариера за мајките со деца/бебиња во колички, за старите тешко подвижни лица и за корисниците на ортопедски помагала или инвалидски колички.

Над 8000 стари лица, 700 лица со физички хендикеп, над 800 мали деца и бебиња во колички и над 1200 дечиња со мали велосипеди, заедно нивните родители, се вкупната целна група за која симнувањеѣто на тие рабници е од големо значење и влијае врз квалитетот на животот и функционирањето во заедницата.

Истражувањето покажа дека високите рабници се сериозна пречка и потребно е итно да се интервенира преку:

- **нивелирање на рабниците на тротоарите**
- **изведба на пристапни рампи за лицата со хендикеп,**
- **порамнување на површини за движење и пониски рабници,**
- **забрането паркирање на возила на спуштени премини,**
- **целосно отстранување на рабниците преку симнување на тротоарите и спојување со патот за полесен пристап и движење,**
- **поставување знаци на помало растојание.**

Општина Штип има слух за интервенција и е подготвена да одвои буџетски зафаќања од 350.000 денари во 2023 година.

Литература:

Државен завод за статистика, Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 - прв сет на податоци.

Државен завод за статистика, Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002.

Официјална веб страна на Општина Штип https://stip.gov.mk/

Официјалната веб старана на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија, http://www.mobilnost.mk

www.stat.gov.mk%2FPrikaziSoopstenie, Наталитетот во Република Северна Македонија во 2021 година

Закон за еднакви можности на мажите и жените, Службен весник на РМ бр.6 / 2012.

Национална стратегија за родова еднаквост 2021 – 2026.

Прирачник за родово одговорно буџетирање за администрацијата на Република Македонија - Министерство за труд и социјална политика, Скопје, 2013.

Анализа и проценки на буџетскиот процес и реформи во буџетските политики од аспект на родовата рамноправност - Министерство за труд и социјална политика, Скопје, 2013.